**UDK 398.332.41**

Ѓоко Здравески[1]
Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Катедра за македонска книжевност и јужносл. кн.

# БОЖИЌНА ТРИЛОГИЈА

## (Анализа на божиќните празници и нивната поврзаност со словенската митологија)

*Апстракт*: Основното прашање што се загатнува во овој текст е односот на христијанскиот пар Бог/Божиќ со словенскиот Сварог/Сварожиќ. Тоа се прави преку анализа на три празника од циклусот зимски календарски празници, и тоа на првите три: Коледе, Бадник и Божиќ. Се заклучува дека овие три христијански празници изобилуваат со елементи од старата паганска религија на Словените и дека, всушност, името на христијанскиот празник Божиќ е изведен по аналогија на словенскиот божествен пар Сварог/Сварожиќ.

*Клучни зборови*: Коледе, Бадник, Божиќ, Сварог, Сварожиќ, зимски календарски празници.

### *За што и зошто токму за тоа?*

Во овој текст би сакал малку повеќе внимание да им посветам на три празника од циклусот зимски календарски празници, и тоа на првите три – Коледе, Бадник и Божиќ – а за тоа имам главно две причини. Првата се однесува на нивната последователност и целовитост. Имено, овие празници надоврзувајќи се еден на друг формираат една трилогија во циклусот зимски календарски празници. Втората причина, која вушност би требало да биде прва, бидејќи беше иницијалната каписла за да се заинтересирам за овие три празника е односот на христијанскиот Бог со можниот негов претходник во паганската традиција, чиј култ се славел во овој период од годината. Поаѓајќи од оваа причина, Божиќ (најмногу поради името) беше празникот што најмногу го привлече моето внимание. На почетокот сакав да му се посветам само на овој (денес) христијански празник и да се обидам да повлечам паралела со култот на можното словенско божество, но со оглед на тоа дека Божиќ е нераздвојлив од Коледе и Бадник, решив да ги разгледувам заедно.

[1] sto_i_da_e@yahoo.com

### *Зимски календарски празници*

Во циклусот зимски календарски празници, покрај божиќните се вбројуваат уште и: Василица (Стара Нова година), Водокрст, Богојавление/Водици (познат и како Машки Водици) и празникот познат како Собор на св. Јован Крстител или Женски Водици. Целиот овој период, од Божиќ до Водици, се нарекува *некрстени денови, нечисти денови, погани денови,* а некаде и *Ристосови денови* (Китевски, 1997, 22). Иако називот е христијански според својата етимологија, во народните верувања и во обредите што се практикуваат за време на овие денови може да се препознаат реликтите од претхристијанската религија на Словените. Покрај табуата (забрана за работа, одрекување од сексуален однос и сл.) што постојат во овој период, најкарактеристично е верувањето дека во *некрстените денови* по земјата шетаат духовите на умрените, разни сеништа, вештерки, караконџули и секакви други нечисти сили, а новороденчињата што се родени во овој период од годината можат да комуницираат со нив, но можат и да метаморфозираат во некое од нив. Во претхристијанската религија овие верувања се однесуваат на подолг временски период поврзан со зимскиот солстициум, меѓутоа црквата ги сведува овие денови на бројот дванаесет и им дава христијански карактер. Самиот назив *некрстени денови* јасно нè наведува на периодот од раѓањето до крштевката на Исус Христос.

Она што е заедничко за овие празници, а потекнува уште од претхристијанскиот период, е нивната поврзаност со преоѓањето од хаос во нов космос (т.е. умирање на старата година и раѓањето на новата), па според тоа, и јавувањето на бројни обреди поврзани со плодноста и богатството. Друг аспект е поврзаноста со култот на мртвите предци и, воопшто, изразениот хтонски карактер на овие празници. Во обредите поврзани со овие празници се јавуваат и одредени соларни карактеристики, кои на прв поглед збунуваат, но и тие можат лесно да се објаснат ако се има предвид претставата што ја имал примитивниот човек (оваа синтагма не ја користам со пејоративно значење) за патувањето на сонцето[2] и за неговиот двоен карактер. (За ова ќе позборувам малку подолу).

---

[2] Според *Правописот на македонскиот литературен јазик* (Скопје, 1998, стр. 44) именката *сонце* се пишува со голема буква кога се однесува на небеското тело, а со мала кога е употребена како општа именка. Притоа, не е направена јасна граница помеѓу првиот и вториот случај, бидејќи излегува дека именката *сонце* и во случајот *Земјата кружи околу Сонцето*, но и во случајот *заоѓа Сонцето* ќе биде употребена како небеско тело. Сепак, во *Правописот*, токму синтагмата *заоѓа сонцето* претставува пример за користење на мала почетна буква.

Поради оваа нејаснотија, но и поради тоа што моите претходници именката *сонце* во овој контекст ја пишуваат со мала почетна буква, јас одлучив за истата во целиот свој текст да користам мала почетна буква.

### *Коледе*

Коледе е првиот празник од божиќната трилогија – почнува да се слави вечерта на 5 јануари (23 декември според православниот календар) со палењето коледарски огнови, а завршува следното утро со коледувањето.

Името на овој празник се поврзува со старото паганско божество Колед/Коледа, кое пак се поврзува со „сликата на млад коњаник, кој ветува родна година – персонификација на младото сонце.“ (Анастасова-Шкрињариќ, 2004, 184). Анастасова-Шкрињариќ го изедначува ова божество со Сварожиќ (синот Сварогов), младиот бог-сонце и тука ја бара причината за палењето на коледарските огнови. Според тоа, уште кај името на ова божество се сретнуваме со соларниот карактер на овој празник, факт што на прв поглед збунува... Но само на прв поглед.

Ако се земе предвид дека примитивиот човек верува дека сонцето по своето заоѓање оди во *долна земја* и тука добива сосем поинакви (хтонски) карактеристики (од светло станува темно, од младо станува старо), тогаш на планот на целата космичка година во овој период (зимскиот солстициум) сонцето се наоѓа длабоко во *долна земја* и треба да се повика да излезе, т.е. да се роди. Како поинаку би се направило тоа ако не со палење оган? Очигледно, за нашите предци палењето оган (според имитативната магија) претставувал најубав начин да се потпомогне младиот бог-сонце. Се настојувало огновите да бидат што поголеми, да достигнат што поблиску до небото за да го *нахранат* слаботo сонце. Интересен е фактот дека и за време на празниците што гравитираат околу летниот солстициум се практикува палење обредни огнови.

Не е случајно ниту тоа што во песните што се пеат за време на овој празник преку гласни извици буквално се повикува божеството да се појави (формата Коледе наликува на вокативна форма). Една од најпознатите песни што се пеат за Коледе гласи:

„Коледе-леде,
паднало греде,
утепало деде.
Деде се мачи,
баба го квачи
со четири јајца,
гускини, шаткини
Ко-ле-де-е-е-е!“ (Попова, 2002, 170)

Во овие стихови во смртта на дедото можеме да го препознаеме умирањето на старата година (хаосот), а во извикот на крајот од песната повикувањето на новата (почетокот на новиот космос).

Посебно внимание на коледарите им посветува Фанија Попова (Попова, 2002, 161-166). Таа нив ги нарекува „посредници“ помеѓу хаосот и космосот, кои слегуваат во *долна земја* и таму се стекнуваат со сила да ги победат разните демони што владеат со горниот свет. Симнувањето во *оној свет* Попова го поврзува со обредот на иницијација, поточно со таканаречената пубертетска иницијација, а главен аргумент за тоа е фактот дека коледарските дружини се составени главно од млади момчиња. Често на чело на овие дружини стои постар човек, најчесто оженет, кој ги води иницијантите низ обредот. Тие своето коледување го започнуваат на полноќ (по палењето на првите огнови), а го завршуваат рано наутро со пеењето на првите петли (период од ноќта кога демонските сили се најактивни). Овој период всушност претставува период на временска изолација за иницијантите, а тоа го докажува и забраната момчињата да го посетуваат сопствениот дом. Ова, уште, покажува дека ритуалот *коледување* подразбира строги правила до кои учесниците мора да се придржуваат. Едно од битните правила е дека коледарите не смеат да влезат во куќа во која има скоро починат, што директно се поврзува со култот кон мртвите предци.

Редоследот по кој се движат коледарите исто така е строго определен. Коледарските дружини секогаш го започнуваат коледувањето од десната страна, верувајќи дека поради тоа сè ќе им оди напред и дека така ќе соберат повеќе храна. Тие влегуваат во куќите и таму ги пеат коледарските песни и притоа на крајот сите гласно извикуваат: Коледеее!! Домаќините ги даруваат со разна храна (најчесто слатки колачиња и овошје), а за возврат коледарчињата ја благословуваат куќата.[3]

Дел од коледарските песни го слават доаѓањето на младиот бог, во христијанскиот контекст тоа е секако Исус Христос (Божиќ), но очигледно тоа е само замена за некое постаро божество (можеби Сварожиќ)[4]. Така, во една од нив се сретнуваат следниве стихови: „Божиќ ми е по са земја, слава му е на небеси“.[5]

### *Бадник*

Бадник се слави на 6 јануари (24 декември), вечерта пред Божиќ. Името на овој празник во *Речникот на народната митологија на Македонците* се поврзува со именката *бдение* (Вражиновски, 2000, 46), која пак, се поврзува со чувањето на огнот да не згасне. Сепак,

[3] Парафразирано откај Вражиновски, Танас, *Речник на народната митологија на Македонците,* стр. 226

[4] За оваа релација ќе позборувам во шестиот дел од текстот.

[5] Цитирано откај Китевски, Марко, *Македонска народна лирика: обредни песни*, стр. 16

мене ми дојде на ум и една поинаква етимологија. Познато е дека светите имиња се табуирани, па според тоа Бадник би можел да се разгледува и како пермутиран Дабник, а сето тоа може да се поврзе со светоста на дабот во словенската претхристијанска религија (бадникот е всушност дабово дрво, кое ја претставува епифанијата на божеството), но, според звучноста, и со паганскиот хтонски Дајбог/ Дабог/ Дабо, кого Чајкановиќ го поврзува со овој празник. Празниците од божиќната трилогија секако се поврзани со врховното словенско божество, а оттука можеби и со словенскиот ues otiosus.

Според народните верувања Бадник е стариот бог, а Божиќ младиот. Токму затоа на Бадник се кани *дедо Боже* и посебна порција при Бадниковата вечера му се дава на *дедо Боже.* Анастасова-Шкрињариќ пишува дека во Гевгелиско стариот бог се замислува како „благ, добродушен старец со бела коса и брада, нагрнат со кожув, на сакато магаре.“ (Анастасова-Шкрињариќ, 2004, 237). Сите овие атрибути недвосмислено ни го претставуваат хтонското божество, а според Чајкановиќ божеството што доаѓа е самото врховно божество, кое според него има хтонски карактер и е поврзано со култот на предците. За тоа дека станува збор за старото врховно божество ни говори и претставата на Бадник како *вечен неуморен патник*, одлика што го краси и германскиот Водан.

Врската со култот на предците ја гледаме и во обичаите што се вршат за време на вечерата. Кај народот постои верување дека за Бадник сите членови на семејството треба да бидат дома, а вечерата треба да биде поставена на земја (хтонски принцип). При кршењето на лепчето (погачата), еден дел се одделува за куќата и со тоа се покажува почит кон мртвите предци. Исто така, постои обичај домаќинот и домаќинката непосредно пред самата вечера да фрлаат ореви (оревот се поврзува со култот на предците) насекаде низ собата и со тоа да ги задоволат покојните предци (Вражиновски, 2000, 47).

Сепак, и покрај доминантиот хтонски карактер, овој празник содржи и одредени реликти од култот кон сонцето. Во тој контекст се споменуваат палењето на бадниковото дрво и тркалезната форма на лепчето. Бадниковото дрво е уште една епифанија на божеството и се верува дека со внесувањето на дрвото во домот, всушност се обезбедува присуството на самото божество (канењето на божеството во домот е повторно остаток од претхристијанската религија). Палењето на бадниковото дрво главно се објаснува на два начина: Чајкановиќ (исто и Попова) во спалувањето го гледа божеството што умира и повторно се раѓа, додека некои други научници сметаат дека овој чин има за цел да му помогне на младото сонце во добата на зимскиот солстициум (Анастасова-Шкрињариќ, 2004, 239). Сепак, овие две теории толку наликуваат една на друга, што може да се рече дека во суштина станува збор за една иста работа.

Соларниот карактер на обредното лепче[6] го посочуваат повеќето истражувачи. Самата тркалезна форма на лепчето ни дозволува да го поврземе со култот кон сонцето. Никос Чаусидис во својата книга *Митските слики на Јужните Словени* посветува цело едно поглавје (Чаусидис, 1994, 257-333) токму на митските слики поврзани со соларното божество и таму ги наведува оние најзначајните: штитот, ореолот, дискот, прстенот и сл.

Сонцето можеме да го видиме и во *вечниот неуморен патник.* Старецот што влегува во домот, всушност можеме да го изедначиме и со старото хтонско сонце, кое наскоро треба повторно да се роди. Со самото тоа што јава на коњ (или на куцо магаре) можеме да го поврземе со соларните божества, кои по правило се коњаници, но и со Тракискиот коњаник, кој, пак, во себе ги содржи сите компоненти на едно хтонско божество.

*Божиќ*

Божиќните обичаи се само продолжение на коледарските и бадникарските. Единственоста на овие три празника се гледа уште во коледарските песни во кои се споменува и малиот бог Божиќ: „Денеска е Бадник/ утре е Божиќ" или „Таму има мала Бога, / мала Бога и Божиќа".[7] Поврзаност со коледарските песни се гледа и во следниот пример: „искршиле кавалите, / запалиле силен оган, / огреале Риста Бога, / Риста Бога малечкаго". Со вметнувањето на името на Исус Христос добиваме класичен пример на христијанизација на паганскиот обред *коледарски огнови*. Всушност, ова е и една од главните одлики на божиќните песни – христијанизацијата. Мора да се забележи дека црквата му посветила најмногу внимание на овој празник и во песните што се пеат на овој ден сретнуваме многу повеќе христијански елементи отколку пагански. За разлика од коледарските и бадникарските песни, тука за првпат го среќаваме и ликот на Богородица, но и голем број библиски епизоди што се поврзани со раѓањето на Спасителот.

Со последниот пример, всушност, го добиваме соларниот ратактер и на овој празник. Доколку го замениме „Риста Бога" со *Божиќ* или *Сварожиќ,* повторно ќе дојдеме до магиското потсилување на сонцето. Но, овој празник ги содржи и истите оние хтонски карактеристики што ги содржат и претходните два. Според верувањата што се карактеристични за овој празник доаѓаме повторно до култот кон

[6] Обредните лебови што се поставуваат на трпезата претставуваат супститут за некогашната крвна жртва, која можеби дури во христијанството била заменета со бескрвна.

[7] Исто, стр.18

мртвите предци, но и до контрадикторноста што нè следи низ сите овие празници – според некои верувања богот што се очекува да дојде на овој празник е старец. Оваа контрадикција може да се оправда со временската блискост меѓу празниците, но и со фактот дека според народните верувања во тој период старата година сè уште не е замината (годината почнува малку подоцна со празникот посветен на св. Василиј), па според тоа и стариот бог е сè уште жив.

Сепак, не е случајно што Божиќ доаѓа по Бадник, откако ќе се испрати стариот бог се дочекува новиот, оној што се родил по палењето на бадниковото дрво.

Божиќ е денот кога, според народните верувања, започнуваат *некрстените денови,* кои траат сè до Водици, кога е крстен Исус. Инаку, мора да се спомене дека и во празникот Водици може да се насетат реликти од паганското жртвопринесување, кое во случајот е заменето со фрлање крст во водата. Многу е веројатно дека зад овој христијански обичај се крие стариот култ кон водата, според кој на речното божество му се принесувале човечки жртви, пред сè млади девојки.

*Бог/Божиќ и Сварог/Сварожиќ*

Во целиот овој текст всушност се обидував да докажам две работи: 1. соларниот и хтонскиот принцип всушност не се контрадикторни, ами само спротивни, тоа се два краја од една иста вертикала, па според тоа може да се разгледуваат во еден ист систем, системот светло-темно, горе-долу, небо-земја; 2. христијанскиот пар Бог/Божиќ е само замена на небесно-соларниот претхристијански родителски пар Сварог/Сварожиќ.

Најголемата забуна настанува токму кај сонцето. Она што ни го привлекува вниманието е помешаноста на *горе* и *долу* во празниците за кои зборував: како може од една страна да се повикува младиот бог-сонце, а од друга страна да се зборува за култот кон предците и за хтонскиот принцип?

Истата забуна настанува и кога го читаме Чајкановиќ. Како може хтонскиот Дајбог да го изедначува со рускиот Дажбог, кога тој е par excellence соларно божество? Чајкановиќ тоа го решава така, што се повикува на старогрчкиот Аполон, кој исто така има одредени хтонски карактеристики. И не греши. Имено, голема е веројатноста Дажбог и Дајбог да претставуваат едно исто соларно божество, само што Дажбог го претставува неговиот соларен принцип, додека Дајбог хтонскиот. Дажбог е светлото, а Дајбог темното сонце.

Како да го ги поврземе Дажбог и Сварожиќ за да стигнеме до она со што сакам да завршам? Поновите истражувачи ги сметаат Даж-

бог и Сварожиќ за браќа (некои дури и ги изедначуваат), синови на големото небесно божество Сварог. Никос Чаусидис во својата студија *Дуалистички слики* прави аналогија помеѓу овој божествен триаголник и еден нему сличен во иранските религиски традиции (Чаусидис, 2003, 152). Доколку му веруваме на Чаусидис дека Сварожиќ е брат на Дажбог, а двајцата се синови Сварогови, тогаш преостанува да се испита уште статусот на Сварог во словенскиот пантеон.

Според повеќето научници, Сварог е врховното небесно божество во словенскиот пантеон, еден вид словенски Уран. Го сметаат за бог на светлото небо, а Сварожиќ, неговиот син, за бог на сонцето. Сварог се смета за претставник на најстарата генерација словенски богови, а со тоа и за ues otiosus, пандан на еврејскиот Јахве и христијанскиот Отец. Подоцна култот на Сварог бил заменет со култовите на помладите божества, пред сè со култот на Перун, богот-громовник. Слична ситуација наоѓаме и во другите митологии.

Според ова, а и според сето она што досега беше кажано, сметам дека може да се направи аналогија помеѓу христијанскиот пар Бог/Божиќ и паганскиот Сварог/Сварожиќ и да се заклучи дека големиот христијански празник е само супститут за словенскиот претхристијански празник што бил поврзан со зимското сонцестоење. Празници со слични одлики се среќаваат и во другите претхристијански религии, а тоа најдобро го покажуваат римските Сатурналии и Календи. Впрочем, кај овие последните би можеле и да ја побараме етимологијата на словенското божество Колед/Коледа, кое, како што видовме е поврзано со христијанскиот празник Коледе.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

*Анастасова-Шкрињариќ, Нина,* Словенски пантеон*, Скопје, 2004.*

*Бѫлгарски народни пѣсни – Фототипно издание*, Скопје, 2000.

Васиљев, Спасоје, *Словенска митологија* (електронско издание)

Вражиновски, Танас, *Македонска народна митологија кн.1*, Скопје, 2002.

Вражиновски, Танас, *Народна митологија на Македонците кн.2*, Скопје, Прилеп, 1998.

Вражиновски, Танас, *Речник на народната митологија на Македонците*, Скопје, 2000.

Грејвс, Роберт, *Грчки митови*, Скопје, 2002.

Елијаде, Мирча, *Аспекти на митот*, Скопје, 1992.

Елијаде, Мирча, *Митот за вечното враќање: архетипи и повторување*, Скопје, 2007.

Елијаде, Мирча, *Водич кроз светске религије*, Београд, 1996.

Зечевић, Слободан, *Култ мртвих код Срба*, Београд, 2007.

Зечевић, Слободан, *Митска бића српских предања*, Београд, 2008

Китевски, Марко, *Македонска народна лирика: обредни песни*, Скопје, 1997.
Leže, Luj, *Slovenska mitologija*, Nova Pazova, 2003
Попова, Фанија, *Зборот-збор отворат,* Скопје, 2002.
*Словенска митологија: енциклопедијски речник*, Београд, 2001 (електронско издание)
Frejzer, Džejms Džordž, *Zlatna grana: proučavanje magije i religije*, Beograd, 2003.
Чајкановић, Веселин, *О врховном богу у старој српској религији*, Београд, 1994.
Чаусидис, Никос, *Дуалистички слики: богомилството во медиумот на сликата*, Скопје, 2003.
Чаусидис, Никос, *Митските слики на Јужните Словени*, Скопје, 1994.

**Gjoko Zdraveski**

## THE CHRISTMAS TRILOGY

### *Summary*

The main issue dwelt upon in this text is the relation between the Christian pair of Bog/Bozik (*Bog* is the Slavic for God, and *Bozik*, which can be translated as the small God, is the Slavic name for Christmas) and the Slavic Svarog/Svarozik. These pairs of figures are compared by means of analysis of three religious winter holidays, which are the first holidays of the year: Kolede, Badnik (Christmas's eve) and Bozik. The conclusion is that pagan elements borrowed from the old pagan religion of the Slavs are abundant in these Christian holidays. The very name of the holiday of Bozik is apparently based on the analogy with the Slavic pair of Svarog/ Svarozik.